


На 24/11 февруари Светата православна црква го празнува денот на Свети Ѓорѓи Кратовски кој на овој ден 1515 година во Софија бил мачен, а потоа спален, на 18 годишна возраст. По занает бил кујунџија и останал како заштитник на златарите и кујунџиите.

Житието вели дека Свети Ѓорѓи Кратовски е роден во Кратово од родители Димитрија и Сара. По желба на родителите по завршувањето на училиштето пошол на кујунџиски занает кој во Кратово во тоа време бил популарен и поради рудниците. Набргу станал познат мајстор. Во тоа време турските власти собирале т.н. данок во крв, за пополнување на војската која напредувала кон Европа, правејќи војници-јаничари. За таа цел барале млади и способни деца. Знаејќи дека во Кратово нема да остане долго незабележан решил да замине во Софија, надевајќи се дека поголемиот град нуди повеќе можности да остане незабележан. Така преку Ќустендил, Радомир и Перник пристигнал во Софија. И тука поради способностите набргу се стекнал со углед и бил забележан и од Турците. Му биле понудени благодетите на царските власти под услов да ја смени верата и да го прифати исламот. Но Ѓорѓи Кратовски без размислување го одбил предлогот поради што бил ставен во затвор. Ја бранел верата Христова поради што бил мачен, а потоа и спален на 24/11 февруари 1515 година. На 8 јуни (нов стил) моштите на Св. Ѓорѓи Кратовски биле пренесени во црквата и овој ден светата

православна црква го празнува како втор празник поврзан со името на овој светец.

На иконите Св. Ѓорѓи Кратовски е претставен како голобрадо момче во кошула со крст во десната рака и маслинова гранка во левата. Над ореолот има напис: „Свети Ѓорѓи кој настрада од Селим“. Неговиот лик бил насликан во црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Патралица-кривопаланечко во манастирот „Студеница“ и други места. Во црквата „Света Богородица“ во Скопје бил претставен со крст во десната и книга во левата рака. Од 17 век е сликан во национална носија. Култот на Св. Ѓорѓи Кратовски од Македонија се проширил и во Србија, Бугарија и Русија.

**Тропар**

**Свети маченик Георгиј Кратовски**

Од рана возраст со света желба на Господа си му се предал, со сета душа Христа Единиот си Го засакал, и Него, Кој е вистинскиот Бог во Троица почитуван, пред нечестивите Турци си Го проповедал. Со венец маченички си се украсил, славни, и кон небесните жители си се придружил, премудри Георгиј, моли Го Христа Бога да ја чува татковината твоја, и да ги спаси православните и градот, кои секогаш ги прославуваат твоите подвизи.

**Свети Власиј, 24/11.II**

Бил епископ севастиски. За време на царот Диоклецијан кога бил извршен жесток прогон на христијаните, Светиот маченик Власиј се криел во пустина, живеејќи испоснички. На Св. Власиј му е судено по што е изведен на губилиште во Севастија, каде што му е отсечена главата на 11 февруари 316 година. Овој ден црквата го празнува во спомен на неговото име.

К. Шапкарев забележал дека Св. Власиј го почитувале „како претседател и покровител на воловите и воопшто сиот рогат и крупен добиток, та прават над него и некои обреди“. Во Охрид како што сведочи и Е. Спространов, Власите го празнувале Свети Власија „за

здравје и за бериќет на стоката“. Е. Спространов бележи како бил казнет некој што не го почитувал празникот. „На Свети Власија стариот од Јаневци ошол на дуќан да шијат-бил кондураџија. Му рекле: Шо шијаш, ами денеска је Свети Власија. Ех, рекол, нишчо тој је влашки празник. Ошол, заработал и си го ископал окото со шилото. Да т’рнит конецот, како шо си шијал, прау в око, та му истекло - бес око одеше“.

Во некои места во Пиринска Македонија како Неврокопско на овој ден на воловите им давале обреден леб при што мукале (оттука овој ден го викале и Муковден), а тоа било придружено и со магиско дејствие да „секат влас“ на говедата со секира.

**Подготви: Марко Китевски**